Државата нема пари и за вероучението

# НЕИЗВЕСНА ВЕРОНАУКА



Сумирајќи ја новата ситуација се наметнува заклучок- веронауката ќе биде во комплетна режија на Црквата, која ќе треба да изготви учебници, да ги плати вероучителите, да предложи програма по која ќе се учи. Државата сето тоа ќе го аминува (или не!), а училиштата и нивните директори се тие кои ќе одлучат дали да дозволат влез за вероучителите и дали да направат список на заинтересирани деца што сакаат да учат за Бога … За целата оваа операција потребни се неколку месеци, па се поставува прашањето - не ли е можеби ова еден „елегантен“ начин како да се елиминира веронауката од воспитно-образовниот процес?

**пишува:**
**Горан Величковски**

Минатата година во некои училишта имаше веронаука. Предметот беше факултативен, беше застапен со еден час неделно, немаше учебници и го посетуваа третоодделенците. Низ целата држава вистината за Христос ја ширеа 30 вероучители, кои требаше да бидат платени од Министерството за образование, но не беа. МПЦ го презеде она што беше должност на Министерството и симболично ги награди вероучителите. Еве уште неколку информации за учебната 2002/2003 година. Вероучителите беа дипломирани теолози, од кои половината беа девојки. И покрај тоа што воведувањето на предметот веронаука беше комплетно легален чин, официјализиран преку Бирото за развој на образованието и Министерството за образование, дел од директорите во училиштата не дозволија да се прават списоци на ученици кои сакаат да учат за Бога. Некои од нив беа децидни - „додека сум јас директор овде, такви работи нема да се учат“.

Така беше тогаш, а како е сега, една година подоцна?

НЕИЗВЕСНО!

На Први септември 2003 година министерот за образование, Азис Положани, рече:

„Никој нема намера да ги затвори вратите за веронауката, но ние немаме пари. Значи, треба да се најдат соодветни модалитети за да им биде овозможено на тие ученици кои сакаат да го учат тоа, да го учат тоа. Секое училиште треба да си најде модалитет како ќе ја организира наставата по веронаука".

Според првичните информации, во Бирото за развој на образованието каде се подготвуваат наставните планови и програми веронауката воопшто не е ставена во програмите. Со други зборови, од легален факултативен предмет, учењето за Бога се претвора во полуилегален предмет, кој ќе го има во зависност од тоа „како ќе се организираат училиштата“. Ваквата ситуација ја потврдува и Ѓоко Ѓорѓевски, координатор за веронаука од МПЦ:.

„Веднаш по доаѓањето на новата влада отидовме на разговор кај министерот Положани. ‘Веронауката ќе продолжи’, ни кажа тогаш министерот и ние изразивме задоволство од првичниот одговор. Веднаш потоа ни беше кажано дека пари за веронаука тешко ќе се најдат“.





Ѓорѓевски потврдува дека во Бирото за развој на образованието веронауката воопшто не е влезена. МПЦ има нови идеи околу предметот, вели координаторот за веронаука при МПЦ и продолжува:

„Предлагаме оваа учебна година веронауката да важи за третоодделенците, но и за четвртоодeленците, односно оние ученици кои минатата година почнаа, оваа година да продолжат со учење на веронауката. Предлагаме да бидат отпечатени учебници, а нашиот најважен предлог е веронауката од факултативен да стане задолжителен опционен предмет. Значи, ако ученикот сака да слуша веронаука, нека слуша, ако не сака тогаш да биде обврзан наместо веронаука да учи предмет кој ќе ги воспитува и облагородува децата, предмет кој ќе ги постави основите на еден правдољубив и човекољубив поглед на животот. Името и содржините на овој предмет нека бидат определени од државата. За нас како Црква најважно од сè е учениците да имаат предмет кој ќе ги воспитува да живеат како луѓе, а не да бидат робови на страстите".

## „ЕЛЕГАНТНА“ ЕЛИМИНАЦИЈА?

Државата дигна раце од веронауката. Сега сè е оставено на училиштата, а што тоа значи не е тешко да се претпостави. Одговорните од МПЦ бараат средба со министерот Положани на која ќе бидат прецизирани деталите околу понатамошното опстојување на предметот. Со оглед на тоа што државата уште од самиот почеток на воведување на веронауката ги избегнува сите финансиски обврски, МПЦ ќе мора да го прифати тоа како нејзина комплетна задача. Сумирајќи ја новата ситуација се наметнува заклучок - веронауката ќе биде во комплетна режија на Црквата, која ќе треба да изготви учебници, да ги плати вероучителите, да предложи програма по која ќе се учи. Државата сето тоа ќе го аминува (или не), а училиштата и нивните директори се тие кои ќе одлучат дали да дозволат влез за вероучителите и дали да направат список на заинтересирани деца што сакаат да учат за Бога ... За целата оваа операција потребни се неколку месеци, па се поставува прашањето - не ли е можеби ова еден „елегантен“ начин како да се елиминира веронауката од воспитно-образовниот процес?

Албанија е единствената европска земја во којашто веронаука (во никаква форма) нема. Ќе им правиме ли друштво на нашите западни соседи?

# шТО МИСЛАТ ДЕЦАТа ?

## ЗА НАС Е НАЈДОБРО ДА СЕ МОЛИМЕ НА БОГА КОГА НИ Е ТЕШКО, НО МОЖЕ И КОГА НИ Е ЛЕСНО...

ЕВЕ КАКО НА ПРАШАЊЕТО ЗА ВЕРОНАУКАТА ОДГОВОРИЈА ДЕЦАТА ОД ОУ „САНДО МАСЕВ“ ОД С. ВОДОЧА И ОД СТРУМИЦА

### Маријана, ТРЕТО одделение:

Јас за Бога знам дека Тој го создал најпрвин Адам а потоа Ева. Знам и дека ја создал природата, црквата, нашите животи и ливадите. И знам дека Тој ги создал сите луѓе во светот.

### М.

Јас за Бога знам дека Тој го создал нашиот живот. Ни дал да правиме добри дела. Да не крадеме и да не лажеме. Јас за Бога знам дека Тој ја создал Црквата и природата.

### Марија (ТРЕТО одд.)

Јас знам за Бога декаго создал нашиот живот и нè пратил во рајот. Но бидејќи луѓето станувале лоши, Господ го испратил Исус Христос... Исус Христос ги учел луѓето да прават само добри дела, а не лоши. Нас Господ нè создал од прав, затоа ние треба да се молиме на Бога. Некој нешто ако нè замоли не треба да му возвраќаме туку веднаш да го извршиме она што нè замолил.

### Илиев Даниел, (ЧЕТВРТО одд.)

Веронауката нè учи да одиме по Бога. а не по ѓаволот. Да ги почитуваме нашите родители. Кога некој поголем човек ќе ни каже да одиме да му купиме нешто ние треба да одиме. Не треба да се караме со наши другарчиња. Или некое наше другарче ако нема пенкало или нешто друго, ние треба да му дадеме.

Премин, септември 2003

**подготвил: јеромонах Гаврил**

**Габриела,**
ВТОРО одд.

Нас веронауката нè учи да бидеме добри, да правиме добри дела, да се сложуваме, да бидеме благословени, да ги почитуваме родителите и наставничката и нашето семејство, да ги почитуваме нашите баби и дедовци и сите други.

**Васе**,
ЧЕТВРТО одд.

Веронауката нè учи да правиме добри дела, да не ги клеветиме децата, да одиме во Црква, да се причестиме, да се молиме на Бога, да си кажуваме молитви пред да си легнеме, да не се тепаме со децата, да не крадеме туку да прашаме дали ќе ни дадат, па после да скинеме.

Премин, септември 2003 / **подготвил: јеромонах Гаврил**



Не треба да се караме со наши другарчиња. Или некое наше другарче ако нема пенкало или нешто друго, ние треба да му дадеме.

**Ване,**ЧЕТВРТО одд.

Веронауката нè учи да правиме добри дела, да не се тепаме, да ги слушаме нашите родители. Веронауката нè учи и да се молиме на Бога, да послушаме кога некој поголем ќе ни каже да одиме да му купиме нешто од продавница или да му донесеме нешто. Веронауката нè учи уште нешто: да не се караме со нашите родители, или со некој брат или сестра, затоа што тие се поголеми и може да нè натепаат.



**Живка Ширкова,**
ЧЕТВРТО одд.

Веронауката нас нè учи за Бога, да правиме добри дела, да ги почитуваме постарите луѓе од нас. За нас е најдобро да се молиме на Бога кога ни е тешко, но може и кога ни е лесно. Нас веронауката нè учи да одиме на литургија и кога ќе одиме таму, да се молиме. Треба почесто да постиме и да се причестуваме и да веруваме во Бога. Јас се молам на нашиот Господ Исус Христос.

# ТАБАК
## ОСИГУРУВАЊЕ



По повод престојниот државен празник

8ми Септември –

Ден на независноста на Македонија

А.Д. за осигурување ТАБАК – Скопје

Ви го честита празникот и

Ви посакува успешна деловна година